Врз основа на член 72 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Сл.весник на Република Македонија"бр.10/97), министерот за финансии донесува

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на водење евиденција, регистарот, формата и содржината на плочката за означување и регистрација

("Сл.весник на РМ" бр.19/97)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење евиденција, регистарот, формата и содржината на плочките за евиденција и регистрација на маси за игри на топчиња, коцки или карти во играчница, автомати за игри на среќа и апарати за забавни игри.

Член 2

Плочката за евиденција и регистрација на маси за игри со топчиња, коцки или карти има правоаголна форма со димензии 2см х 5см, во кој правоаголник е впишан број.

Член 3

Плочката за евиденција и регистрација на автомати за игри на среќа има квадратна форма со димензии од 3см х 3см , во која е впишан број.

Член 4

Плочката за евиденција и регистрација на апарати за забавни игри има правоаголна форма со димензии од 2см х 3см, во кој е впишан број.

Член 5

Формата и изгледот на плочката од член 2, 3 и 4 на овој правилник е дадено во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Во евиденцијата и регистарот на издадените плочки за маси за игри со топчиња, коцки и карти во играчница, автомати за игри на среќа и забавни игри се внесува:

1. назив и седиште на приредувачот на игрите на среќа, односно организаторот на забавните игри.
2. назив и адреса на играчницата, автомат клубот односно забавен клуб во кој се сместени масите, автоматите и апаратите за кои се издадени плочките.
3. бројот на издадените плочки, пооделно за маси во играчница, автомати за игра на среќа, односно апарати за забавни игри и број на издадената плочка.

Во евиденцијата и регистарот покрај елементите од став 1 на овој член се внесуваат и сите промени во врска со издадените плочки.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Сл.весник на Република Македонија".